**Република Македонија**
**М И Н И С Т Е Р С Т В О З А Ф И Н А Н С И И**

Врз основа на член 12 став (6) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12)

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

објавува

**О Г Л А С**

**за поднесување барања за полагање на стручен испит за процена од областа на: побарувањата и обврските**

1.Кандидатите кои ги исполнуваат условите за полагање на стручен испит за процена од областа на побарувањата и обврските треба да поднесат Барање за полагање на стручниот испит за процена од областа на: побарувањата и обврските (исклучиво во печатена форма) кое треба да содржи:

- име и презиме на барателот и точна адреса на живеење,
- телефон за контакт и електронска адреса,
- заверено копие од сертификат за завршена почетна обука за проценувач од областа на побарувањата и обврските и
- примерок од налогот за плаќање на јавни приходи ПП 50, кој се пополнува на следниот начин:

Во полето „Цел на дозначка„ се впишува: Прва почетна обука за проценувач од областа на: побарувањата и обврските.

Во полето „Назив и седиште на примачот„ се впишува: Трезорска сметка – Министерство за финансии.

Во полето „Банка на примачот„ се впишува: Народна банка на Република Македонија.

Во полето „Трансакциска сметка на примачот„ се впишува: 100000000063095.

Во полето „Износ„ се впишува: соодветниот износ на надоместот.

Во полето„Сметка на корисник„ се впишува 090010016763117.

Во полето „Приходна шифра и програма„ се впишува 725939 - 10

2.Корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на трошоци за полагање на испитот, за што е потребно да се достави потврда за користење на

социјална помош, која не треба да биде постара од 15 дена од денот на објавување на Огласот.

3.Надоместокот за трошоците за полагање на испитот за лицата кои повеќе од шест месеци се невработени, изнесува 1.500 денари, за што е потребно да се достави потврда за невработеност, која не треба да биде постара од 15 дена од денот на објавување на Огласот.

4.Надоместокот за трошоците за полагање на испитот за лицата кои не се опфатени во точките 2 и 3 на ова известување изнесува 5.000 денари.

5.Барањето се поднесува до писарницата на Министерството за финансии или по пошта на адреса: Министерство за финансии, бул.Св.Кирил и Методиј бр.54, 1000 Скопје.

**Краен рок за поднесување на Барањето до Министерството за финансии е 23.08.2013 година.**

6.Полагањето на писмениот дел на испитот за проценувач од областа на: побарувањата и обврските **ќе се одржи на 10.09.2013 година (вторник), со почеток во 10 часот во просториите на Економскиот Институт - Скопје.**

7.Огласот ќе биде објавен и на веб страницата на Министерството за финансии www.finance.gov.mk.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ